РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 22-1109/2
21.04. 2021 год.

Врз основа на член 26 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16)Градоначалникот на Општина Кочани објавува

ЈАВЕН ПОВИК
за воспоставување на соработка за организирање на одделно собирање на отпад од пакување на подрачјето на општина Кочани

1. **Предмет на овој повик е**: Воспоставување на соработка за организирање на одделно собирање на отпад од пакување на подрачјето на општина Кочани.

2. **Услови за учество**: Заинтересираниот оператор-овластен постапувач во врска со објавениот повик треба да ги исполнува следните услови:
- Да има дозвола за постапување со отпад од пакување од Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Да е регистриран во Централен регистар за постапување со пакување и отпад од пакување.

3. **Потребни документи**: Заинтересираниот оператор во врска со објавениот повик треба да ги достави следните документи:
- Пријава по јавниот повик (Образецот може да се подигне од веб страната на Општина Кочани www.kocani.gov.mk и од Едношалтерска канцеларија на Општина Кочани),
- Копија од тековна состојба,
- Копија од дозвола за постапување со отпад од пакување од Министерството за животна средина и просторно планирање,
- **Изјава** од одговорното лице на правното лице или од него овластено лице дека на соодветен начин ќе ја информира јавноста и крајните корисници за намената и целите од собирањето на отпадот од пакување, за правилното постапување со истиот и за можностите за бесплатно предавање и враќање и можностите за рециклирање и преработка на отпадот од пакување, вклучувајќи и информации за подигнување на одговорноста за правилно постапување со отпадот од пакување и за начинот на кој можат да постапуваат со отпадот од пакување кој е опфатен во системот и дека на соодветни места на подрачјето на Општината ќе ја известува јавноста за адресите на собирните места и центри кои постојат во подрачјето на таа општина, коишто се вклучени во системот, односно каде што се врши собирање на отпадот од пакување. *(образец на оваа изјава може да се преземе од Општина Кочани заедно со Пријавата),*
- **Изјава за давање согласност за лични податоци** *(образец на оваа изјава може да се преземе од Општина Кочани заедно со Пријавата).*

4. **Рок и место на поднесување на пријави:** Пријавите по јавниот повик со комплетната документација можат да се поднесат преку пошта на адреса: Општина Кочани, ул.„Раде Кратовче" бр.1 Кочани 2300 или лично во Едношалтерска канцеларија на Општина Кочани во рок од денот на објавување на јавниот повик до **крајниот рок за прием на пријави: 28.04.2021 година до 15:30 часот.**
   На пријавата да се наведе: Пријава по јавен повик бр. 22-1109/1.
   **Краен рок за прием на пријави: 28.04.2021 година до 15:30 часот.**
   Поднесените пријави ќе ги разгледа Комисија формирана од Градоначалникот.
   Задоцнетите и некомплетните пријави и пријавите кои се поднесени по истекот на крајниот рок за прием нема да бидат разгледувани и евалуирани во псотапката, истите ќе бидат отфрлени со решение на Градоначалникот.

5. **Склучување на договор:** За организирање на одделното собирање на отпад од пакување кој е комунален отпад на подрачјето на општината, Градоначалникот ќе склучи договор

со правно лице за постапување со отпад од пакување или со самостојниот постапувач со отпад од пакување.

Со договорот се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни, условите и начинот на воведување на одделното собирање и третман на отпадот од пакување, видот на отпадот од пакување, барања во однос на квалитетот на собраниот отпад од пакување, видот на системот за собирање и доколку е можно и постапување со отпад од пакување, начинот на финансирање и покривање на трошоци, начинот на информирање на јавноста и крајните корисници, како и други прашања од заеднички интерес.

Времетраење на догоговорот изнесува една година.

6. **Дополнителни информации на:** Марија Салтирова Јовановска 072/306-087, Лета Георгиевска 070/250-694

**Градоначалник на Општина Кочани**
**Николчо Илијев**

Изготвил: Д.А.З.
Контролирал:Е.Д.
Одобрил: М.С.Ј.